04.08.2026

АРХИВСКИ БРОЈ: 14- 7524/2

Врз основа на член 101 став (1) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 3 став (1) алинеја 1 и ставовите (2), (3), (4) алинеја 1 и (5) член 11 ставовите (1), (4), (10), (11) и (12), член 12 ставовите (1), (2), (3) и (4) член 13 ставовите (1), (3), (5), (6) и (7) и член 14 став (1) од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/19, 236/19, 53/21, 175/21, 257/21, 67/22, 81/22, 206/22, 43/23, 123/23, 223/23, 82/24, 188/24, 26/25, 88/25, 157/25, 29/26 и 92/26 ) и дел II став (2) точка 1 „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" потточка 1.1 „Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија" од Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 30/26 и 64/26), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ МАНИФЕСТАЦИИ И САЕМИ

### I. Предмет на јавниот повик

Доставување на предлог за користење на техничка поддршка за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој за организирање на локални манифестации и саеми на територијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: предлог за користење) за активност која ќе се одржи во период од 14.09 до 31.12.2026 година.

### II. Поблиски критериуми и начин за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

Корисниците на техничка поддршка доколку се здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и задруги регистрирани согласно Законот за задругите, треба да имаат најмалку 10 членови.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Предлогот за користење на техничка поддршка особено содржи:

1. Податоци за предлагачот;
2. Назив и резиме на предлогот;
3. Опис на предлогот (опис на постоечки состојби, поставени цели, целни групи, активности кои ги опфаќа предлогот и очекувани резултати);
4. План на активности со временска рамка за реализација на предлогот по активности и методологија за нивна реализација;
5. Финансиски план на трошоците со детална спецификација на трошоци, временска рамка за нивно настанување и извори на финансирање, како и банкарска сметка на која треба да се исплати поддршката и одговорно лице за настанот-само за трошоци поддржани од министерството;
6. Изложбен дел (список на изложувачи, со вид на производи);
7. Едукативен дел (список на едукатори и работилници, панели со иновативни и дигитални решенија во земјоделството итн.);
8. Културно-промотивен дел (традиционална музика, локална уметност) и
9. Буџет на предлогот за користење.

Кон предлогот за користење на техничка поддршка се приложуваат и следните документи:

1. Тековната состојба за субјектот од Трговскиот регистар и регистар на други правни лица кој се води во Централниот регистар на РСМ;
2. Потврда издадена од Централен регистар на РСМ дека не е поведена постапка за стечај;
3. Потврда издадена од Централен регистар на РСМ дека не е поведена постапка за ликвидација;
4. Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни давачки издадено од Управа за јавни приходи;
5. Изјава дека прифатливите трошоци за реализација на активноста не се финансирани од друга институција, заверена кај нотар;
6. Изјава на организаторот дека ќе обезбеди најмалку 10 изложувачи, заверена кај нотар;
7. Извод од регистарот на членовите на здружението/задругата, архивиран во здружението/задругата, со печат и потпис од претседателот/управителот, заверен кај нотар;
8. Препораки или други докази за претходна имплементација на сродни предлози и
9. За здруженија: годишна програма за работа со вклучени активности од предлогот за користење, усвоена согласно Статутот.

**Документите се доставуваат <u>во оригинал</u> како прилог кон предлогот и треба да бидат <u>издадени во периодот на времетраење на јавниот повик</u>, односно да бидат со датум на издавање кој е во рамките на рокот определен за поднесување на предлогот.**


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## III. Доставување на предлогот за користење на техничка поддршка

Предлогот се доставува во еден оригинален примерок напишан на сопствен меморандум, потпишан и заверен со печат од корисникот на техничката поддршка. Еден ист корисник не може да се појави како основач и/или овластено лице во други предлози за учество во постапката за користење на техничка поддршка за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој за организирање на локални манифестации и саеми на територијата на Република Северна Македонија. Доколку се појави таков барател (здружение и/или земјоделска задруга) истите нема да бидат предмет на понатамошна постапка на разгледување и истите ќе бидат одбиени.

Јавниот повик трае од денот на објавувањето на интернет страницата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, заклучно со 21.08.2026 година.

Предлози доставени после рокот за поднесување и предлози со некомплетна документација, нема да бидат предмет на понатамошна постапка на разгледување и истите ќе бидат одбиени.Предлозите се доставуваат во затворен плик и во горен десен агол да стои "НЕ ОТВОРАЈ Мерка 1.1" до архивата на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. „Аминта III" број 2, 1000 Скопје, со назнака Комисија за избор на корисници на техничка поддршка за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој за организирање на локални манифестации и саеми на територијата на Република Северна Македонија.

## IV. Прифатливи трошоци за поддршката

Прифатливи трошоци за поддршката за промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој за организирање на локални манифестации и саеми на територијата на Република Северна Македонија се наменети за следните трошоци:

- закуп на простор;
- изнајмување на штандови и/или бина;
- изнајмување на опрема (аудио и видео опрема, озвучување и осветлување, маси, столици, шатори/пагоди);
- огласување во печатени и електронски медиуми (закуп на медиумски простор) и
- набавка на промотивен материјал (покани, постери, летоци/флаери, банери, брошури, публикации, каталог, зборник, видео или аудио реклама).

## V. Постапка за избор на корисници

Постапката за избор на корисници по јавниот повик ја спроведува комисија формирана од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, која составува записник за отварање на поднесени предлози, врши евалуација на предлозите за користење и доставува предлог за избор на корисници со висината на одобрената поддршка по корисници до министерот.

Изборот на предлозите ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

| | Критериум | Бод |
|---|---|---|
| 1 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 10 членови | 10 |
| 2 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 20 членови | 20 |
| 3 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 30 членови | 30 |
| 4 | Задруги и здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој со 40 членови | 40 |
| 5 | Жени и/или млади од 18 до 40 години кои се управители на здруженија, задруги и правни лица кои вршат дејност во областа на земјоделството и руралниот развој | 20 |
| 6 | Презентации на иновативни или дигитални решенија во земјоделството | 20 |
| 7 | Здружување на корисниците на поддршка, јавно-приватно партнерство или други форми на партнерство со поголем број на корисници | 10 |
| 8 | Претходно искуство во реализација на активностите од значење за целната група на крајни корисници на поддршка | 10 |

Како прифатливи предлози се предлозите кои по изборот од страна на комисијата ќе освојат повеќе од 50 бода.

Во случај на два или повеќе баратели на финансиска поддршка кои имаат ист број на бодови, предност ќе има барателот кој прв во време ги доставил документите во архивата на министерството или ги испратил преку пошта со час, минута и секунда (прв дојден прв услужен).

Врз основа на доставениот предлог за избор на корисници од комисијата, министерот донесува одлука за избор на корисници.

## VI. Начин на доделување на техничката поддршка

Министерството со јавниот повик објавува детално упатство за изработка на предлогот и распоред на работилници за информирање за спроведување на мерката кон потенцијалните корисници.

Техничката поддршка се реализира по потпишување на договорот.

Висината на поддршката изнесува 100% од прифатливите трошоци, а остатокот од потребните средства кои го надминуваат максималниот износ на поддршката по корисник се на товар на барателот.

Максималниот износ на поддршката по корисник, согласно средствата обезбедени во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, согласно член 3 став (4) алинеја 1 од Уредбата изнесува до 150.000 денари.

Исплатата на техничката поддршка се врши по доставен извештај за реализирана активност до Министерството во износ до 100% од одобрената сума, но не повеќе од максималниот износ до 150.000 денари и во согласност со одобрените средства во програмата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, а се до исцрпување на средства предвидени во дел II став (2) точка 1 потточка 1.1 од Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 („Службен весник на Република Северна Македонија" 30/26 и 64/26).

Корисниците на техничката поддршка треба во рок од 30 дена по завршување на активноста да доставаат извештај за реализираната активност до Министерството, <u>со целосна финансиска документација во оригинал</u>, кој треба да содржи:

- пропратно писмо со листа на документи кои се доставуваат;
- наративен опис на реализираната активност;
- реализирани финансиски средства со докази (фактури за набавка на промотивен материјал и/или услуга за закуп на простор, изнајмување на штандови и/или бина, изнајмување на опрема и огласување во печатени и електронски медиуми помеѓу организаторот и изнајмувач на просторот, штандови и/или бина, опрема, печатени и електронски медиуми со спецификација, испратница и/или работен налог, уплатници и/или извод од банка за платени прифатливи трошоци);
- доказ дека се оддржала манифестацијата/саемот (фотографии).

VII. Прифатливи корисници на јавниот повик

(1) Право на учество на овој јавен повик имаат:

а. Здруженија од областа на земјоделството и руралниот развој,
б. Земјоделски задруги и
в. Единици на локалната самоуправа

(2) Здруженијата и Земјоделските задруги по овој јавен повик може да организираат манифестации со изложбен карактер одделно по плански региони во РСМ и тоа за:

1. Во Источен регион 1 манифестација:
   - производство на мед
2. Во Југозападен регион 1 манифестација:
   - манифестација од областа на мед и/или органско производство на храна
3. Во Полошки регион 1 манифестација:
   - манифистација за промоција на производи од костен
4. Во Североисточен регион 1 манифестација:
   - манифестација од областа на сточарство и преработка на млеко и месо


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

(3) Единиците на локалната самоуправа по овој јавен повик може да организираат манифестации и тоа за:

а. Општина Босилово – Денови на ајварот;

б. Општина Василево – Денови на празот;

в. Општина Ресен – Денови на јаболкото;

г. Општина Кочани – Денови на оризот;

д. Општина Ново Село – Костенијада;

ѓ. Општина Гостивар-Денови на органска храна и

е. Општина Чучер - Сандево – Традиција на Скопска црна гора.

(4) Организаторот на манифестацијата е должен да ги обезбеди сите потребни одобренија од надлежните институции и Агенцијата за храна и ветеринарство, за одржување на истата.

(5) За манифестациите за кои Единиците на локалната самоуправа имаат добиено средства не може да се доделат средства на здруженијата за иста манифестација.

(6)Корисниците на финансиска подршка треба да бидат рагистрирани во централен регистар со седиште во плански регион каде што ќе се одржи манифестацијата.

(7) Исплатата на финансиската подршка ќе биде по реализација на активноста и со поднесување на Извештај за реализирана активност и пропратна финансиска документација.

**VIII. Прилози на јавниот повик**

За подготовка на предлогот за користење, Министерството на веб страната info@mzsv.gov.mk објавува детално Упатство за изработка на предлогот и распоред на локална манифестација/саем за информирање за спроведување на мерката кон потенцијалните корисници.

Организаторот на манифестацијата/саемот е должен покрај логото на нивната институција да биде истакнато и **логото на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство.**

Дополнителни информации може да се добијат во Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на телефон 02/3134-477 или на интернет страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство www.mzsv.gov.mk .

Изработил: Сашо Кутлешовски

Контролирал: Стојан Гацов

Согласен: Тања Јовчевска

**МИНИСТЕР**

**Борче Серафимовски**



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015